Designed By Free Video to F






Македонија

# ЗНМ и СЕММ: Регистарот на професионални онлајн медиуми достапен на www.promedia.mk

March 6, 2020 10:52 0 64

0



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) информираат дека веб-страницата на којашто се достапни податоци за професионалните онлајн медиуми www.promedia.mk од денеска е функционална и достапна за јавноста. Во моментот Регистарот го сочинуваат 101 онлајн медиум, кои објавуваат содржини на повеќе јазици.

Потсетуваме дека главни критериуми кои треба да ги исполнат онлајн медиумите за да станат дел од Регистарот се: транспарентно сопственичштво, објавен импресум, почитување на стандардите на Кодексот на новинарите, Повелбата за етичко известување за избори и Статутот на СЕММ, објавените текстови да се потпишани од автор, а доколку се преземени од други медиуми тоа да биде наведено, во согласност со Законот за заштита на авторски права.

Главната цел за креирањето на овој Регистар е да придонесе да се поттикне процесот на професионализација во работењето на онлајн медиумите, а со тоа и подобрување на нивниот кредибилитет, како и препознавање на оние кои ги почитуваат стандардите наспроти неетичките кои го нарушуваат угледот на професионалните онлајн медиуми.

Постапката на креирање на Регистарот се одвиваше според критериумите усогласени ме[ѓу] СЕММ и ЗНМ по примери од практиката на развиените демократски општества и Советот на Европа, а беше консултирана и медиумската и бизнис заедницата во државата. Освен тоа, процесот на саморегулација го поддржа и Стопанската комора на Македонија , којашто упати апел до своите членки за рекламирање и огласување само во онлајн медиумите кои се дел од Регистарот на професионални онлајн медиуми. Процесот го поздрави Делегацијата на ЕУ во Скопје, канцеларијата на ОБСЕ во Виена, Американската амбасада во Скопје, како и од Европската федерација на новинари.

Саморегулацијата на медиумите продолжува да биде заедничка заложба на нашите организации за доброволно воспоставување критериуми и придржување до нив во рамките на процес кој е отворен за јавноста. Оттаму, потсетуваме дека членството во Регистарот на онлајн медиумите е менливо и е процес кој тековно ќе се развива. Ова подразбира дека медиумите кои во моментот не се дел од Регистарот, а ги почитуваат условите за членство ќе може да се придружат додека, пак, оние кои веќе се дел од Регистарот, а се потврди дека не ги почитуваат критериумите за членство и етичките правила нема да имаат статус на активни членови.

‹ ПРЕТХОДНО

**Прв случај на новиот коронавирус во Ватикан**

СЛЕДНО ›

**Паднал од точак и тешко се повредил**




## Популарни вести

**Пецаков: Се сомневаме околу износот за набавка на картички за патарини за српските туристи**

May 27, 2021 12:54

**По 244 дена, во Албанија прв ден без ниту еден починат од Ковид-19**

May 26, 2021 20:12

**Докиќ: Кај младите што починаа од Ковид-19, главен ризик-фактор беше гојазноста**

May 21, 2021 21:57

**Јорданов: Со парите од усогласувањето на законот за финансирање на локалните единици пред избори, власта селективно ќе ги раздолжува општините**

May 25, 2021 12:18

**Наставничка во Австрија предизвикала кластер со Ковид-19 – 10 одделенија и 154 лица во карантин**

May 26, 2021 09:59




## Тукушто објавено

**(Видео) Пороен дожд поплави делови од Куманово**
May 27, 2021 22:30

**Новиот дрес на македонската репрезентација со кој ќе настапува на ЕП е со бордо боја**
May 27, 2021 22:13

**Костадиновска Стојчевска: Европските вредности ги носиме дома**
May 27, 2021 21:59

**(Видео) Невреме од дваесетина минути го поплави Сараево**
May 27, 2021 21:51

**Модриќ е тажен што Зидан заминува од Реал Мадрид**
May 27, 2021 21:51

**Љафтов: На ЕП повторно ќе го покажеме најдоброто од македонската одбојка**

May 27, 2021 21:31

**ОН покренува истрага за кршење на човековите права на пелестинските територии**

May 27, 2021 21:30

**Шахпаска на “Избор на најуспешни жени менаџерки” повика за примена на родова еднаквост и во бизнисите**

May 27, 2021 21:22

**Пеколна ждрепка на Ролан Гарос за Ѓоковиќ, Надал и Федерер**

May 27, 2021 20:52

**Рот: Албанија и С. Македонија постигнаа многу, очекуваме ЕК да донесе позитивна одлука**

May 27, 2021 20:39

## Социјални мрежи

## ОД НАС ЗА ВАС!

**Роналдо им ветил 150.000 евра на фудбалерите на Ваљадолид ако го победат Атлетико**

May 21, 2021 21:20 204

**Во најава нова љубовна двојка: Кање Вест и Ирина Шајк**

May 26, 2021 13:01 15

**Преку проект ќе се заштитува преспанската пастрмка во Брајчинска, Кранска и Лева Река**

May 21, 2021 18:46 57

## ТУКУШТО ОБЈАВЕНО!

(Видео) Пороен дожд поплави делови од Куманово

May 27, 2021 22:30 0

---

Новиот дрес на македонската репрезентација со кој ќе настапува на ЕП е со бордо боја

May 27, 2021 22:13 0

---

Костадиновска Стојчевска: Европските вредности ги носиме дома

May 27, 2021 21:59 0

## ПОВРЗИ СЕ СО 24ИНФО

24info.mk
55,573 likes

Like Page Send Message

24info.mk
13 minutes ago



Согласни со iab.
Етички кодекс

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

@2018 - 24 ИНФО ДОО, Скопје